# ДЕКЛАРАЦИЈА
## *ЗА МЛАДИ, ОБРАЗОВАНИЕ И ИДНИНА*

**ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, КРЕИРАН ОД СТРАНА НА УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ СТУДЕНТСКИ СОБРАНИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, „МАЈКА ТЕРЕЗА“, „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ И „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“.**

# ДЕКЛАРАЦИЈА

за младите, образованието и иднината

Почитувани,

“Декларацијата за младите, образованието и иднината” претставува документ за јавни политики во високото образование, креиран од страна на Универзитетските студентски собранија на универзитетите „Св. Кирил и Методиј“, „Мајка Тереза“, „Климент Охридски“ и „Гоце Делчев“. Потребата од ваков документ се јавува поради три причини.

Првата е, секако, **високообразовниот систем во Северна Македонија**. Тој сериозно заостанува не само зад развиените европски образовни системи туку и зад оние на Балканот. Ова заостанување не е општо, „метафизичко“, туку е мерливо и податливо, а резултатите се катастрофални и се одразуваат врз сите сфери на нашето општество. Квалитетно образование значи и квалитетно здравство, судство и администрација, силна економија и развиен приватен сектор со квалитетни индивидуи спремни своето знаење да го искористат за личен и општествен економски напредок. Неквалитетно образование од друга страна, пак, знаете...

Втората причина е **односот на политичките субјекти кон образовниот систем во целост и кон младите**, неретко (еуфемизам, вистинскиот збор би бил пречесто) користејќи ги како кусур во партиско-коалициските трговии. Кусурот е, секако, девастирано (високо) образование, кое не само што заостанува, туку и неретко го има загубено чекорот (допирот) со современиот свет и околностите.

Трето и финално – **воспоставувањето на функционален систем на студентско организирање**. Со други зборови, тука сме, конечно постоиме и сме независни! Со ова сакаме да нагласиме дека проблемите не започнаа сега, ниту постојат само во изминативе години. Македонскиот (високо)образовен систем и младите се колатерална штета во континуитет промашени политики и загубени години на кои конечно има кој да им застане на патот! Овде само започнуваме, но и се обврзуваме на континуитет во доследност кон вистината и напредокот.

Доколку навистина сакате светла иднина за нашето општество, **образованието мора да биде приоритет на идната власт**. Сакаме да имаме светла иднина во нашето општество. Вистински и безрезервно! Образованието претставува не само најсериозна инвестиција во нашата иднина туку и основа за опстанок на оваа заедница. Младите во Северна Македонија имаат потреба од квалитетен образовен систем кој ќе им создаде можности за еднаков натпревар со нивните врсници од странство. Во моментов „полето за културен натпревар" повеќе наликува на планина, а ние, сигурно, се наоѓаме на подножјето на таа планина.

Свесни сме дека овој документ нема инстантно да го спаси образованието со оглед на катастрофалната состојба во која се наоѓа, но, се надеваме дека конечно ќе отпочне **процес на вистински и сериозни реформи** кои се многу потребни. Сметаме дека државата мора да се фокусира на државното образование и неговиот спас бидејќи само преку инвестиции во јавниот образовен систем можеме да обезбедиме напредок на општеството, но и еднакви можности за секоја индивидуа, без разлика на социјалната положба.

За крај, овој договор има за цел да постави минимум јавни политики кои **ИНСИСТИРАМЕ** идната власт да ги реализира и остварувајќи ја таа цел, да започнеме со промени во образовниот систем. Борбата за спас на образованието ќе биде долга и тешка, меѓутоа е борба која ние мораме да ја водиме. Ние сакаме квалитетно образование – и тука нема компромис!

Срдечен поздрав,
Студентите!

# Содржина

**Образование** ........ 5

Зголемување на буџетските средства што се одделуваат за образованието и поставување на стандард за буџетот наменет за образование како процент од БДП ........ 6

Креирање на нов систем за финансирање на високото образование ........ 6

Формирање на  Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност ........ 7

Редовна, сеопфатна и ефективна надворешна евалуација на високообразовните установи ........ 7

Креирање стратегија за унапредување на квалитетот на високото образование врз основа на претходно спроведена евалуација на високообразовните установи ........ 7

Зголемување на бројот на наставните и ненаставните кадри согласно реалните потреби на единиците на универзитетите ........ 8

Финансиска поддршка за учество на студенти на меѓунардони натпревари во научните области на кои студираат ........ 9

Финансиска поддршка за членство во регионални, европски и светски мрежи на високобазовни установи ........ 9

**Наука** ........ 10

Подготовка на Национална програма за научно-истражувачка дејност со предлог-мерки, решенија и препораки за подобрување на научно-истражувачката дејност ........ 11

Зголемување на Буџетот за наука на ниво на европскиот просек како процент од БДП 11

Развивање на јавно-приватно партнерство во финансисирање на научно-истражувачка работа и искористување на резулатите ........ 11

Опремување на постоечките и отворање нови лаборатории и научно-истражувачки центри на високообразовните установи ........ 12

**Инфраструктура** ........ 13

Обновување на инфраструктурата на високообразовните институции ........ 13

Дигитализација на високото образование ........ 14

Инвестиции во сместувачките капацитети за студенти ........ 14

**Институции за млади и образование** ........ 15

Формирање консултативно тело за образовни, економски и други политики за млади по теркот на Економско-социјалниот совет ..... 15
Воведување „младински прашања“ во Собранието на РСМ ..... 16
Професионализација на Министерството за образование – експерти на раководните позиции во МОН ..... 16
Евалуација на спроведувањето на Законот за високо образование од 2018 година..... 16
**Студентски стандард** ..... 17
Сместување на студентите ..... 17
Исхрана ..... 17
Култура..... 17
Превоз..... 18
Здравје ..... 18
Стипендирање..... 18
Работни односи на студентите..... 19

# Образование

Образованието е основа за развој на едно општество. Доколку немаме квалитетен образовен систем, го ограничуваме сопствениот напредок во сите сфери зашто индивидуите кои би требало да го дадат својот придонес во општествениот развој, произлегуваат токму од образовниот систем.

Образованието мора да биде квалитетно и достапно за сите граѓани, без разлика на нивната социјална позадина, а со тоа ќе се осигура напредокот и развојот на целата заедница која ќе биде исполнета со квалитетни кадри кои се спремни да го искористат својот потенцијал и знаење на пазарот на трудот.

При креирањето на политиките за високото образование мора да се водиме по принципите на квалитетно, етичко и автономно работење на универзитетите. Државата не смее во ниту еден момент да ја наруши автономијата на високообразовните институции како основен прицип кој секогаш мора да се почитува. При креирањето на сите високообразовни политики фокусот мора да биде на унапредување на условите за студирање на студентите, како и условите за работа на професорскиот кадар.

Во однос на образованието, за време на периодот 2020-2024 бараме да бидат реализирани следниве политики и мерки:

- Зголемување на буџетските средства што се одделуваат за образованието и воспоставување на стандард за буџет за образование како процент од БДП;
- Креирање на нов систем за финансирање на високото образование;
- Формирање на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност;
- Редовна, сеопфатна и ефективна надворешна евалуација на високообразовните установи;
- Креирање стратегија за унапредување на квалитетот на високото образование врз основа на претходно спроведена евалуација на високообразовните установи;
- Финансиска поддршка за учество на студенти на меѓунардони натпревари во научните области на кои студираат;
- Финансиска поддршка за членство во регионални, европски и светски мрежи на високобазовни установи.

- **Зголемување на буџетските средства што се одделуваат за образованието и поставување на стандард за буџетот наменет за образование како процент од БДП**

Образованието е јавно добро кое мора да добива значајни финансии од државата, доколку сакаме да биде квалитетно и достапно за младите од сите социјални групи. Образованието мора да добива финансии за да може да креира квалитетни млади кои ќе придонесат за општествен напредок и ќе изградат иднина подобра за сите. Финансиите за образованието не се јавни расходи, туку инвестиции во иднината кои десеткратно ќе се вратат.

Северна Македонија не инвестира доволно финансии во својот државен образовен систем. Буџетот за образование во Северна Македонија постојано опаѓа како процент од БДП и моментално изнесува околу 3.5% од БДП, што е многу пониско од европскиот просек кој изнесува над 5%. Доколку сакаме да имаме европска иднина, мора да имаме и европско образование, а доколку сакаме европско образование мора да имаме европски буџет за образование.

За исполнување на ова барање, потребно е до крајот на 2020 година, надлежните институции, заедно со засегнатите страни и експерти од областа, да подготват стратегија и план за зголемување на јавните расходи за образование во периодот 2020-2024.

- **Креирање на нов систем за финансирање на високото образование**

На македонскиот јавен високообразовен систем потребен му е нов систем за финансирање на високото образование. Овој систем треба да овозможи реална финансиска автономија и сигурност на државните универзитети, притоа ослободувајќи ги универзитетите од финансискиот товар за самостојно обезбедување на есенцијалните финансии. Моменталниот „модел“ за финсирање на високото образование се покажува нефункционален и неодржлив, а неговата неефикасност најмногу се одразува на квалитетот на образованието и стандарднот на студентите.

Поради тоа, Министерството за образование и наука, Националниот совет, високообразовните институции, заедно со странските експерти, треба да развијат нов механизам за финансирање на високообразовните институции, кој ќе ја обезебеди финансиската автономија на универзитетите, а воедно ќе ја гарантира и финансиската стабилност и одржливост на долг рок.

- **Формирање на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност**

Националниот совет е предвиден со Законот за високо образование од 2018 година, меѓутоа се' уште не е формиран. Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност се формира поради обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот на високото образование и научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија. Овој совет е есенцијален во развивањето долгорочни политики за унапредување на квалитетот на образованието и научно-истражувачката дејност. Поради тоа, бараме Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност да се формира во првите 100 дена од мандатот на новата Влада.

Како мерило за квалитетот на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, бараме да биде поднесена апликација за членство во ENQA (European Association for Quality Assurance in Higher Education), во рок од една година од неговото формирање.

- **Редовна, сеопфатна и ефективна надворешна евалуација на високообразовните установи**

Одборот за евалуација на високото образование и неговите стручни комисии составени од професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (European Association for Quality Assurance in Higher Education - ENQA) да реализираа надворешна евалуација на високообразовните установи.

Надворешната евалуација ќе даде реална слика за состојбата и квалитетот на државните универзитети во Северна Македонија и ќе биде основа за понатамошен развој на политиките.

- **Креирање стратегија за унапредување на квалитетот на високото образование врз основа на претходно спроведена евалуација на високообразовните установи**

Националниот совет во широки консултации со академската заедница, институциите и странските експерти да предложи нова развојна Национална програма за високо образование со примарен фокус на унапредување на квалитетот на високото образование во Северна Македонија имајќи ги предвид резултатите од надворешната евалуација.

Националната програма за високо образование и стратегијата за унапредување на квалитетот на високото образование да бидат приоритет на извршната власт, при што ќе биде креиран акциски план со конкретни рокови за реализирање на програмата и стратегијата.

- **Зголемување на бројот на наставните и ненаставните кадри согласно реалните потреби на единиците на универзитетите**

Универзитетите во Северна Македонија се во изумирање, односно ќе останат без наставни кадри, доколку државата не започне да ги пополнува местата кои со години се празнат. Дополнително, универзитетите и факултетите се соочуваат со недостаток и на ненаставни кадри кои го водат административното работење на установите. Комплетиран наставен кадар има голем придонес во квалитетот на образовниот процес, а комплетиран ненаставен кадар значајно ќе придонесе во ефикасноста на високообразовните установи. Затоа, државата во соработка со високообразовните установи треба веднаш да започне процес на вработување нови наставни кадри согласно потребите на установите. Овој процес сметаме дека треба да се одвива во следниве четири фази:

1. Евалуација на моменталната состојба со наставен и ненаставен кадар во високообразовните установи. МОН заедно со универзитетите и факултетите во првите 100 дена од мандатот на новата Влада да направи анализа за потребите од наставни и административни кадри на факултетите.

2. Предвидување на надополнување на недостатокот од наставен и ненаставен кадар во високообразовните установи во Буџетот за 2021 г. Средствата за реализација на новите вработувања на наставен и ненаставен кадар да бидат предвидени во Буџетот за 2021 година, како расход на Основен буџет.

3. Обезбедување средства за соодветен надоместок за демонстраторите и асистените. Младиот наставен кадар е многу важна компонента во образовниот процес. Средствата за вработување на млад наставен кадар да бидат предвидени во Буџетот за 2021 како расход на Основен Буџет.

4. Промена на механизмот за вработување на нов наставен и ненаставен кадар во образовниот систем со акцент на кадровската автономија на универзитетите, која иако проформа постои и денес, сепак во пракса универзитетите тешко ја практикуваат истата поради потребата од одобрение од институциите. Да се воведат стандарди според кои високообразовните установи ќе можат да вработуваат наставни и ненаставни кадри без бирократски процедури во надлежните министерства.

- **Финансиска поддршка за учество на студенти на меѓунардони натпревари во научните области на кои студираат**

Студентите од државните универзитети секогаш имаат проблеми со финансиите при учество на меѓународно признати натпревари во областа во која студираат, иако овие натпревари овозможуваат голема меѓународна промоција и голем мотив за најквалитетните студенти.

Со цел да се зголеми интересот на студентите за учество на ваков тип на натпревари, МОН да обезбеди посебен фонд за учество на меѓународно признати натпревари, преку кој студентите ќе добијат финансиска поддршка да се натпреваруваат со своите врсници од другите држави. Листата на меѓународни натпревари чие учество ќе биде поддржано од посебниот фонд на МОН да се развие во соработка со високобразовните установи и ќе се ревидира на почетокот на секоја академска година.

- **Финансиска поддршка за членство во регионални, европски и светски мрежи на високобазовни установи**

Вмрежувањето со високобразовни уставнови во регионот, во Европа и во светот овозможува споделување на знаења и искуства и учество во проекти со коишто се унапредува високото образование во секоја од научните области и уметностите. Членството во вакви мрежи по правило е врз основа на покажани успеси во работата, но скоро секогаш истото изискува и средства за членарина и администрирање.

Со цел да се овозможи што поголема застапеност на високобразовните установи од Северна Македонија во вакви мрежи, МОН да обезбеди посебен фонд за финасирање. Листата на мрежи за коишто ќе се обезбедуваат средства од посебниот фонд на МОН да се развие во соработка со високобразовните установи и да се ревидира на две години.

# Наука

Со инвестирање во науката, се создаваат нови вредности. Преку тоа, истовремено, се подобрува и квалитетот на образованието, а со тоа се добиваат поквалитетни кадри на пазарот на трудот. Следствено, со поквалитетен кадар се подобрува и самата економија на државата. Со подобрена економија и самата држава е економски посилна и независна. Без разлика на тоа што Република Северна Македонија е мала по население, тоа не значи дека нема квалитетни студенти и професори коишто би можеле да ја подобрат науката во државата, а со тоа да направат и клучна промена во истата. Ова е докажано со тоа што голем дел од младите коишто дипломирале на државните универзитети, а притоа ја напуштиле државата за да се дообразуваат, сега работат во реномирани странски компании или пак во научно-истражувачки центри.

Со финансирање на научни истражувања на високобразовните и на научните установи, се создава можност да се задржат најдобрите студенти како истражувачки кадар во државата, но индиректно со резулатите од научните истражувања може да се придонесе за подобрување на идустријата, а со тоа би се отвориле повеќе работни места кои би биле на исто рамниште со светските компании. Воедно, вложувањата во науката и резулатите на научните истражувања придонесуваат универзитетите да се искачат повисоко на светските ранг-листи листи.

Во однос на науката да се превземат следниве чекори:

- Подготовка на Национална програма за научно-истражувачка дејност со предлог-мерки, решенија и препораки за подобрување на научно-истражувачката дејност.
- Зголемување на Буџетот за наука на ниво на европскиот просек како процент од БДП.
- Развивање на јавно-приватно партнерство во финансисирање на научно-истражувачка работа и искористување на резулатите;
- Опремување на постоечките и отворање нови лаборатории и научно-истражувачки центри на високообразовните установи.

- **Подготовка на Национална програма за научно-истражувачка дејност со предлог-мерки, решенија и препораки за подобрување на научно-истражувачката дејност**

Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност во широки консултации со академската заедница, странски експерти и стопанските комори, да подготви национална програма за научно-истражувачка дејност со основа цел – унапредување на научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија.

- **Зголемување на Буџетот за наука на ниво на европскиот просек како процент од БДП**

Средствата што се вложуваат во наука се исклучително ниски и бележат намалување во последните години. Вложувањата во науката во 2018 година изнесувале само 231 милион денари, што е исклучително на ниско ниво. Од овие средства, само 75 милиони денари се за финансирање на научно-истражувачка работа.

Овие средства во следните 4 години треба значително да се зголемуваат со цел обезбедување квалитетна научно-стражувачка дејност и современи и опремени лабаратории и научно-истражувачки центри. Овие средства да се распределуваат согласно Националната програма.

- **Развивање на јавно-приватно партнерство во финансисирање на научно-истражувачка работа и искористување на резулатите**

Потребен е развој на систем за распределба на средствата за научно-истражувачка дејност, како и за поттикнување на приватниот сектор да инвестира во научно-истражувачка дејност на Универзитетите. Методите за финансирање на научно-истражувачка дејност и учеството на приватниот сектор во истата, треба да се развијат од страна на Националниот совет во консултации со академската заедница, стопанските комори, институциите и странски експерти.

Националниот совет по широките консултации со сите засегната страни, да предложи Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност од државата и преку форми на јавно-приватно партнерство. Фондот за иновации активно да се вклучи во финансирањето на научно-истражувачката работа и поврзувањето на науката со бизнис секторот.

- **Опремување на постоечките и отворање нови лаборатории и научно-истражувачки центри на високообразовните установи**

Со цел подобрување на квалитетот на научно-истражувачката дејност потребно е да имаме и квалитетна и опремена инфраструктура во која академската заедница ќе може да работи и твори. Процесот на опремување на постоечките, како и отворањето нови лаборатории и научно-истражувачки центри, треба да се одвива во следниве три фази:

1. Евалуација на моменталната состојба на лабораториите и научно-истражувачките центри на високообразовните установи и анализа на нивните потреби, во првите 100 дена од мандатот на новата Влада;

2. Средства за опремување на постоечките и отворање на нови лабаратории и научно-истражувачки центри согласно потребите на високообразовните установи да се превидат Буџетот за 2021 како расход на Основен Буџет и во секоја следна година од мандатниот период;

3. Реализацијата на активностите за опремување на постоечките и отварање на нови лабаратории и научно-истражувачки центри со средства од основниот буџет ќе започне уште во 2021.

# Инфраструктура

Македонските државни универзитети сериозно заостануваат во развојот на унапредувањето на инфраструктурата. Амфитеатрите, предавалните, читалните, аулите, па дури и тоалетите се наоѓаат во лоша состојба поради долгогодинешното отсуство на инвестиции во образовната инфраструктура. Доколку сакаме да имаме квалитетно образование и мотивирана академска заедница, мораме да обезбедиме соодветни услови според највисоки стандарди за еден современ универзитет. Дополнително, современиот универзитет, покрај физичката инфраструктура, мора да располага со дигитална инфраструктура, односно дигитална администрација и современи платформи за далечинско учење.

Државните универзитети мора да добијат голема финансиска помош од државата при обновата на постоечката инфраструктура и развојот на дигиталниот универзитет. Поради тоа, во следниот мандатен период бараме:

- Обновување на инфраструктурата на високообразовните институции
- Дигитализација на високото образование.
- Инвестиции во сместувачките капацитети за студенти

- **Обновување на инфраструктурата на високообразовните институции**

Обновувањето на инфраструктурата во образованието е неопходна доколку сакаме квалитетно образование. За таа цел бараме преземање на следниве 3 чекори:

1. Евалуација на постоечката инфраструктура во високообразовните институции во соработка со универзитетските и факултетските управи и студентските претставнички тела во првите 100 дена од мандатот на новата Влада. Генералниот впечаток кај сите засегнати страни е дека инфраструктурата на високообразовните установи се наоѓа на незадоволително ниво. За да се добие точна слика за моменталната состојба со инфраструктурата на високообразовните установи, потребна е евалуација од страна на стручни тимови составени од претставници на институциите, универзитетите и студентите. Овие тимови треба да направат детален увид и да проценат каде и колкави инвестиции во инфраструктурата на универзитетите се потребни.
2. Изработка на План за капитални инвестиции во образованието и предвидување на потребните финансиски средства во Основниот буџет на Буџетот за 2021 год. Откако ќе се направи детален увид во моменталната инфраструктура, МОН заедно со универзитетите да достави план за капитални инвестиции кои ќе бидат земени предвид при изработката на државниот Буџет почнувајќи од 2021 година.
3. Реализација на Капиталните инвестиции во образовната инфраструктура најдоцна до Јули 2021 година. Активностите да се спроведуваат тековно така што ќе овозможи непречена настава.

- **Дигитализација на високото образование**

Современ универзитет не се само амфитеатрите и читалните туку и дигиталната инфраструктура која им овозможува на студентите дел од своите наставни и административни обврски да ги завршат електронски. Високообразовните институции треба да добијат соодветна поддршка од државата во процесот на дигитализација. Поради тоа бараме извршната власт, во соработка со високообразовните установи, да ги преземе следниве чекори:

1. Евалуација на дигиталната инфраструктура со која располагаат високообразовните институции и на нивните потреби за целосна реализација на истата, во првите 100 дена од мандатот на новата Влада;
2. Обезбедување на потребните средства за дигитализација на високото образование во основниот буџет почнувајќи од Буџетот за 2021, според претходно наведената евалуација.

- **Инвестиции во сместувачките капацитети за студенти**

Голем дел од студентските домови се наоѓаат во лоша состојба и не овозможуваат основни услови за живот. Поради тоа бараме извршната власт да ги преземе следниве чекори во однос на студентските домови:

1. Евалуација на инфраструктурата за сместување на студентите кои студираат надвор од местото на живеење во првите 100 дена од мандатот на новата Влада;
2. Подготовка на акциски план за реновирање на студентските домови согласно европските стандарди со прецизни рокови за завршување на градежните активности.
3. Обезбедување на потребните средства за реализација на активносите за подобрување сместувачките кашацитети на студентите во основниот буџет почнувајќи од Буџетот за 2021, според акцискиот план.

# Институции за млади и образование

Младите се основната засегната страна во процесите на градење полтики и носење одлуки за развој и унапредување на високобразовните процеси во земјата. Министерството за образование и наука треба да обезбеди транспарентни процеси и да ги вклучува младите во креирањето на политикитепреку соодветни консултации. Поради тоа треба да се превземат повеќе чекори за унапредување на студентското учество во креирањето на политиките и обезбедувањето транспарентност, оттчетност и одговорност во работењето на институциите.

Бараме:

- Формирање консултативно тело за образовни, економски и други политики за млади по теркот на Економско-социјалниот совет
- Воведување „младински прашања" во Собранието на РСМ
- Професионализација на Министерството за образование – експерти на раководните позиции во МОН
- Евалуација на спроведувањето на Законот за високо образование од 2018 година.

- **Формирање консултативно тело за образовни, економски и други политики за млади по теркот на Економско-социјалниот совет**

Студентите не се доволно и институционално застапени при креирањето на политиките за млади и образование. Поради тоа, треба да се формира Совет за младински и образовни политики, како консултативно тело во кое ќе учествуваат Претседателот на Владата на РСМ, Министерот за образование и наука, Директорот на Агенцијата за млади и спорт и високи претсатвници на други државни институции кои имаат надлежност по прашањата од интерес на младите. Во овој совет задолжително учество да земат и средношколските и студентските преставнички тела и Националниот младински совет.

Ова тело редовно ќе заседава во просториите на Владата на РСМ и ќе се дискутираат сите прашања и политики од интерес на младите. Прибавувањето мислење на Советот за младинсики и образовни политики ќе биде задолжително во законодавната постапка.

- **Воведување „младински прашања“ во Собранието на РСМ**

Политичките партии да се обврзат дека во агендата на Собранието на Република Северна Македонија ќе предвидат седница за „младински прашања“ на крајот на секој квартал. На овие седници младите ќе можат директно да ги прашаат преставниците на институциите за млади за нивната работа и проекти. Со ваквиот пристап институциите за млади ќе покажат отвореност, транспарентност, отченост пред младите чии интереси треба да ги застапуваат и во чиј интерес треба да работат.

- **Професионализација на Министерството за образование – експерти на раководните позиции во МОН**

Минстерството за образование и наука да се реформира и професионализира со кадар кој има професионално искуство во образованитето и науката и има визија и капациет да креира и спроведува политики од кои зависи иднината на младите. Минстерството треба активно да работи на подобрување на процесот на комуникација со младите и навремено, брзо и ефикасно споделување информации. Процесите кои ги води Министерството а се однесуваат на остварување на правата на младите најдоцна до крајот на 2021 целсоно да се дигитализраат.

- **Евалуација на спроведувањето на Законот за високо образование од 2018 година**

Законот за високото образование од 2018 година внесе значајни новини во уредување на високото образование. Двете години на негова примена се доволни за да може да се направи оценка на предносите и на недостатоците на оваа правна рамка.

За таа цел, најдоцна во првиот квартал од 2021 година, Минситерството за образование и наука треба да започне јавна расправа со сите засегнати страни за да се евалуира досеганшата промена на овој закон. Доколку по спроведените јавни расправи, биде оценето дека се потребни измени и дополнувања на законот, Министерството без одлагање ќе започне соодветна постпака со учество на сите засегнати страни.

# Студентски стандард

Студентскиот стандард и квалитетниот студентски живот се есенцијална компонента во квалитетното образование. Студентите треба да имаат соодветни услови за живот за да можат максимално да се фокусираат на своето образование и лична надоградба. Студентскиот стандард опфаќа повеќе компоненти како сместување, исхрана, превоз, културни активности, стипендирање и финансиска помош за набавка на потребните средства.

Во овој сегмент бараме повеќе мерки и политики кои ќе гарантираат значајно унапредување на студентскиот стандард, а со тоа и на квалитетот на животот на студентите. Политиките и мерките кои ги предлагаме се поделени на 7 области: сместување, исхрана, култура, превоз, здравје и стипендирање.

Долгорочно, овие прашања треба да се регулираат со нов Закон за младински стандард донесен во отворена и транспарентна постапка во консултации со сите засегнати страни.

- **Сместување на студентите**

  - Поголеми финансии за сместување на студентите.

Моментално државата за секој студент сместен во студентски дом издвојува сума еквивалентна на сумата која секој студент ја плаќа како партиципација. Итно бараме измена на постоечкиот Закон за студентски стандард со која ќе се тргне ограничувањето на буџетските средства кои државата ги исплаќа на студентските домови, со што ќе се овозможи зголемување на уделот на државата во финансирањето на студентските домови.

- **Исхрана**

  - Субвенциониран студентски оброк.

Бескомпромисна реализација на Законот за субвенциониран студентски оброк, без одложување и без изговори. Законот за субвенциониран студентски оброк претставува значајно олеснување на финансискиот товар на студентите и поради тоа не смее да дојде до одложување на овој закон, особено не во вакви околности на светска економска криза.

- **Култура**

  - Додаток за култура и попусти во јавните културни установи.

Воспоставување на финансиски додадок за култура во вредност од 500 денари месечно за секој студент, преку домашната платежна картичка. Додадоткот за култура ќе може да се користи во културните институции (музеи, театри, филхармонија, опера и сл.) и на културни

настани организирани од јавни и приватни субјекти во РСМ. Дополнително, потребно е воведување на постојани попусти во јавните културни институции. Културата има значаен удел во изградбата на една индивидуа. Студентите не располагаат со доволно финансии, за да можат да си дозволат редовни посети на културни манифестации. Поради тоа, сметаме дека државата треба да воспостави нов ваучер, т.е. додадок за култура кој ќе може да се користи во јавните културни институции. Со ова од една страна им овозможуваме на студентите да присуствуваат на културни манифестации и да го прошират својот светоглед, а од друга страна ги помагаме јавните културни установи, но и ќе ги поттикнеме на натепревар и поквалитетна програма со цел да ги привлечат студентите да ги искористат овие ваучери за посета на нивната институција.

- **Превоз**

  - Субвенциониран железнички превоз.

Воведување на посебни тарифи за студенти за користење на железнички превоз во РСМ. Овие тарифи треба да бидат со симболична вредност, и од една страна ќе ги намалат финансиските трошоци за превоз на студенти, а од друга страна ќе ги поттикнат студентите да го користат зелениот меѓуградски превоз;

  - Ваучери за велосипеди за студенти.

Воведување на овој ваучер ќе им овозможи на студентите да набават велосипеди со што ќе се стимулира користењето на зелен транспорт за време на образовниот процес;

  - Бесплатен јавен превоз за сите циклуси студии.

Бесплатниот јавен превоз за сите циклуси студии ги следи модерните текови на студирање, односно фактот што огромен број студенти својот образовен процес го продолжуваат на втор и трет циклус студии, кои неретко се јавуваат како нужност за младите граѓани доколку сакаат да се вработат на работни места од нивната стручна област.

- **Здравје**

  - Бесплатен психолог за студенти на секој државен универзитет.

Вработување психолози на секој универзитет кои ќе бидат бесплатни за студентите на тој универзитет. Психолошкото здравје на студентите е еднакво важно со физичкото, а приватните психолози се прескапи за најголем број студенти. Психолошката помош на студентите кои чувствуваат потреба од истата, значајно ќе придонесе кон подобрување на благосостојбата на студентите.

- **Стипендирање**

  - Нов модел на исплати на стипендиите.

Во консулатции со сите засегнати страни ќе се изработи нов модел на исплати на стипендиите на месечно ниво, со точни рокови за исплата на секоја од ратите од стипендијата, се со цел да се избегне неодговорното однесување и доцнење на исплатите. Исплатите на стипендиите според моменталниот систем не даваат никаква сигурност и

гаранции кога средствата ќе им бидат достапни на студентите, а со тоа и го оневозможуваат финансиското планирање на студентите и нивните трошоци. Дополнително, стипендиите најчесто се исплаќаат дури по завршувањето на семестарот, иако тие средства на студентите им се потребни за време на студирањето.

- Зголемување на социјалните стипендии.

Почнувајќи од летниот семестар во академската 2020/2021, износите на стипендиите за студенти од социјално загрозени семејства ќе се зголемат за најмалку 50%. Социјалните стипендии се далеку од доволни за овие студенти да можат да ги покријат трошоците поврзани со студирањето и да имаат еднаква можност за академско образование како и другите.

- Воведување на нови стипендии за втор циклус на студии за студенти од социјално загрозени семејства и за студенти кои дипломирале со исклучителен успех.

Уважувајќи го значењето на студиите од втор циклус за пазарот на трудот, почнувајчи од академската 2021/2022 ќе се воведат стипендии за втор циклус на студии на јавните универзиети за студентите кои го завршиле првиот циклус со врвен успех како и за оние од социјално загрозени семејства, а за кои овој циклус на студии е финасиски недостижен.

- Развој на нова стратегија за стипендирање на студенти од дефицитарните области, како и спортот и културата.

Националниот совет за квалитетно високо образование да подготви нова стратегија за стипендирање на дефицитарни струки и поттикнување на студентите да се запишуваат на струките каде имаме недостатоци. Дополнително, студентите од областа на спортот и културата имаат сериозно високи трошоци за кои треба да добијат финансиска поддршка.

- **Работни односи на студентите**

- Овозможување на редовните студенти да стапат во редовен работен однос.

Забраната за редовните студенти да стапат во работен однос не ја исполнува својата цел и го стимулира нерегистрираното работење на студентите без било каква трудово-правна заштита. Дополнитлено, забраната ги ограничува студентите за време на своите студии да работат во струката која ја изучуваат и да го забрзаат својот напредок. Поради тоа сметаме дека на редовните студенти кои мислат дека можат да работат и студираат паралелно, тоа да им биде дозволено во одреден обем. Со ова, студентите кои сакаат да бидат во работен однос ќе добијат трудова заштита и можност за заработка на дополнителни средства за време на нивното студирање.
Моделот според кој редовните студенти ќе можат да стапат во работен однос да биде развиен во консултации со надлежните институции, стопанската комора и академската заедница.

- Ослободување од  данок на доход за студентите кои се во работен однос.

Студентите кои се во работен однос најчесто овие финансии ги користат за финансирање на своите студии и надоградба, а не за лускуз, па оттука сметаме дека тие треба да бидат ослободени од данокот на персонален доход за да се ослободат од дополнителните средства преку кои ќе инвестираат во лична надоградба.